Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 68, 15 октомври 2011 година

октомври 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Книжевност за деца” од авторот доц. д-р Јованка Денкова од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по книжевност за деца“ од авторот доц. д-р Јованка Денкова од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Оперативни системи – скрипта“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и м-р Ѓорѓи Димов од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Оперативни системи – практикум со вежби“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и м-р Ѓорѓи Димов од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Фетална анатомија и конгенитални аномалии“ од авторот насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА” ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ЈОВАНКА ДЕНКОВА ОД ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, донесена на 42. седница, одржана на 31 август 2011 год., определени сме за рецензенти на интерната скрипта-ракопис со наслов **„КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА“ од авторот доцент д-р Јованка Денкова.**

***Информации за авторот***

Авторот на учебните помагала покажува вистинско познавање на материјата, при што е претставен како високопрофесионален и квалитетен истражувач во полето на книжевноста за деца.

Доцент д-р Јованка Денкова е доктор по филолошки науки, наставник во областите на народната книжевност, македонската книжевност во 19 век, европската цивилизација и историја на македонската култура и цивилизација. Дипломирала на групата Македонска книжевност со македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (1998), магистрира на групата Македонска книжевност на истиот факултет (2005) на тема „Чудесното и реалистичното во прозата на Глигор Поповски“ (тема од областа на книжевноста за деца) и докторирала на истиот факултет, повторно на тема од областа на книжевноста за деца „Фантастиката и научната фантастика во македонската проза за деца и младина“ (2008). На 6 август 2008 година е избрана за доцент на Филолошкиот факултет. Неизбежно треба да се спомене нејзиното учество на многубројни научни собири, конгреси и конференции, како во земјава, така и во странство, како и многубројните објавени научни и стручни трудови од областа на книжевноста за деца.

***Извештај за учебното помагало „Книжевност за деца“***

Учебното помагало „Книжевност за деца“ е изработено врз основа на наставната програма на предметот Книжевност за деца, кој е составен дел од студиската програма на Катедрата за македонски јазик и книжевност (наставна и применета насока), а се слуша во третиот (зимски) семестар како задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+2.

Материјалот обработен во ракописот „Книжевност за деца“ е презентиран на крајно концизен и едноставен начин и е во функција на успешно изведување на предавањата по предметот Книжевност за деца на групата Македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет.

Материјалот во скриптата „Книжевност за деца“ е напишан на 202 страници и тематски може да се подели во три поглавја. Првото поглавје ги елаборира теориските поставки во книжевноста за деца, како поблиско определување на поимот *книжевност за деца* и различните терминолошки определби кои се користат за да се означи литературата наменета за деца и млади, која е составен дел од општата литературна уметност. Во ова воведно поглавје, авторот се осврнува кон поблиско одредување на чудното, чудесното и фантастичното во книжевноста за деца и млади, и нивната интерференција со реалистичното во книжевноста.

Во второто поглавје се презентираат претставниците на европската уметничка сказна кои ќе ги постават темелите на авторската бајка, наменета на најмладите читатели и преодот од народното кон уметничкото чудесно. Во овој дел авторот се осврнува на творештвото на Шарл Перо, браќата Јакоб и Вилхелм Грим, Ханс Кристијан Андерсен, како и нашиот најголем собирач и запишувач на народни умотворби – Марко Цепенков. Воедно, тука се елаборира творештвото и на најголемите европски и светски претставници на книжевноста за деца (Карло Колоди, Луис Керол, Џејмс Метју Бари, Антоан де Сент Егзипери, Памела Траверс, Астрид Линдгрен, Ерих Кестнер, Марк Твен, Јохана Шпири, Жил Верн и Херберт Џорџ Велс) чии дела се неодминлива лектира во запознавањето на младиот читател со

светот на книжевноста. Значајно е да се спомене дека преку најрепрезентативните дела на гореспоменатите автори (*Пинокио, Алиса во земјата на чудата, Петар Пан, Малиот принц, Мери Попинс, Пипи Долгиот Чорап, Том Соер, Хајди, 20.000 милји под морето* и *Времеплов*) младиот читател се запознава со светот на фантазијата, кој е близок на неговата детска природа и каде детската личност има можност да ја развие својата имагинација.

Во третото поглавје се елаборираат најзначајните претставници од македонската книжевност за деца, при што поглавјето започнува со презентирање на фолклорните народни жанрови наменети за младите читатели (песни за деца, приказни за животни и басни, сказни, новели, анегдоти, легенди и преданија, пословици и поговорки и гатанки. Потоа се разработува творештвото на првата генерација автори кои твореле за децата (Григор Прличев, Ванчо Николески, Видое Подгорец, Славко Јаневски, Глигор Поповски, Ката Мисиркова Руменова, Велко Неделковски, Јадранка Владова, Киро Донев, Славка Манева). Посебно значајно е што ова поглавје, значајно место се посветува на книжевноста наменета не само за помладите читатели, туку и за адолесцентите, кои во посочената литература можат да пронајдат многу одговори на прашањата што ги измачуваат на таа возраст. Во овој дел се елаборираат и основните поставки врз кои се заснова научната фантастика како жанр воопшто, по што се преминува на презентирање на овие поставки во творештвото на македонските писатели на научна фантастика за деца. Во тој сегмент се издвојува творештвото на Томе Арсовски, Лилјана Белева, Стојмир Симјановски, Велко Неделковски и Мирко Зафировски.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис за интерна скрипта по предметот Книжевност за деца на концизен и едноставен начин ги обработува предметните содржини и е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Филолошкиот факултет и дека ќе им биде особено важна на студентите од студиската група Македонски јазик и книжевност за полесно совладување на наставните содржини по наведениот предмет.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му го препорачуваме ракописот „Книжевност за деца“ **од авторот доцент д-р Јованка Денкова да го прифати за печатење како ИНТЕРНА (РЕЦЕНЗИРАНА) СКРИПТА.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Виолета Димова, с.р.**
**Доц. д-р Махмут Челик, с.р.**
**Проф. д-р Севин Алил, с.р.**